0201-
30.05.2023

Точка 3/1
33-то Годишно Собрание на Акционери, 30/05/2023

***Предлог***

Врз основа на член 25 став 1 точка 2 од Статутот на ОКТА АД – Скопје, а во врска член 487 од Законот за трговските друштва, Собранието на акционери на ОКТА АД – Скопје на својата 33-та седница на Годишното Генерално Собрание одржана на ден 30.05.2023 година, ја донесе следната

**О Д Л У К А**
**за одобрување на исплата на дивиденда**

**Член 1**

СЕ ОДОБРУВА исплата на дивиденда од кумулативна акумулираната добивка од претходните години, во вкупен бруто износ од 92.253.240,00 денари (приближно 1.500.000,00 ЕУР) односно дивиденда во бруто износ од 109,00 денари по акција, согласно условите предвидени во Одлуката за утврдување на дивиденден календар.

Дивидендниот календар ќе биде утврден со посебна одлука.

**Член 2**

Акционерите на ОКТА АД – Скопје ќе бидат известени за исплатата на дивидендата преку објава на Одлуката за утврдување на дивиденден календар на интернет страницата на ОКТА и на интернет страницата на Македонската Берза за Хартии од вредност.

**Член 3**

За спроведување на оваа Одлука се задолжува Дирекцијата за финансии.

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

Годишно Собрание на Акционери
Претседавач

Образложение

Согласно член 383 став 1 точка 2 и член 483 став 1 од ЗТД, како и согласно член 25 став 1 точка 2 од Статутот на Друштвото, во надлежност на Собранието на акционери е да одлучува за распределбата на добивката. Согласно член 384 став 2 точка 2 од ЗТД, на Годишното собрание, акционерите одлучуваат за употребата на чистата добивка или за покривање на загубата во претходната деловна година.

Согласно член 483 став 2 од ЗТД, во одлуката за распоредување на добивката се прикажува секоја поединечна намена на добивката, а особено се наведуваат:
1) износот од добивката за покривање на загубата од минати години (доколку таква има);
2) износите коишто се внесуваат во законските и во статутарните резерви на друштвото;
3) износот којшто се исплатува во вид на дивиденда;
4) дополнителните издатоци врз основа на одлуката;
5) евентуалниот пренос на добивката во наредната година (акумулираната добивка) и
6) износот на добивката со којшто ќе се изврши зголемување на основната главнина на друштвото и износот од добивката за инвестиции.

Согласно член 487 став 1 од ЗТД, по одобрување на годишната сметка и на финансиските извештаи и утврдувањето на постоењето добивка за распределба, Собранието на Акционери го определува делот којшто им се доделува на акционерите во форма на дивиденда, според правата што ги дава рокот и класата на акциите. Согласно член 487 став 2 од ЗТД, органот на управување може да исплати дивиденда во износ којшто не ја надминува вкупно остварената добивка искажана со годишната сметка и со финансиските извештаи, зголемена за пренесената нераспределена добивка од претходните години или со резервите кои можат да се распределуваат, односно кои ги надминуваат законските резерви и резервите определени со Статутот и ако се покриени загубите од претходните години, ако тие од кои било причини не биле покриени со последната одобрена годишна сметка и со финансиските извештаи.

Деловната 2022 година ОКТА АД – Скопје ја заврши со остварена чиста (нето) добивка во износ од 545.996.565,00 денари. Но, од причини образложени во предлог Одлуката за распоредување на добивката за 2022 година, Одборот на директори му предложи на Собранието да ја распореди вкупната нето добивка на начин што истата ќе се искористи за инвестиции (реинвестирана добивка) во проекти од обновливи извори на енергија, што ќе и овозможи на ОКТА понатамошна диверзификација од нејзината основна дејност.

Согласно финансиските извештаи за 2022 година, заклучно со дел 31.12.2022 година, без добивката остварена во 2022 година, ОКТА АД – Скопје има кумулативна акумулирана добивка достапна за распределба во вкупен износ од 2.067.823.554,00 денари.

Следствено, имајќи ги предвид информациите презентирани од страна на раководството на Друштвото, како што се кумулативната акумулирана добивка на Друштвото која е достапна за распределба, деловните активности кои се очекува да се случат во текот на годината и одличните оперативни перформанси во текот на 2022 година, на својот 204-ти состанок одржан на ден 26.04.2023 година, Одборот на директори ја утврди оваа предлог Одлука наменета за Годишното собрание на акционери, со предлог дел од кумулативната акумулираната добивка во износ од 92.253.240,00 денари да биде исплатен како дивиденда на акционерите.